

# АКЦИСКИ ПЛАН
# ЗА БОРБА ПРОТИВ ТРГОВИЈА СО ДЕЦА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# 2009-2012

**Национална Комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција**
**Подгрупа за борба против трговија со деца**

# АКЦИСКИ ПЛАН ЗА БОРБА ПРОТИВ ТРГОВИЈА СО ДЕЦА

## ВОВЕД

Акцискиот план за борба против трговија со деца[1] е документ кој во целост ги одразува заложбите на Република Македонија во борбата против трговијата со деца, а кои се обврски на земјата, како членка на ОН и потписник на Конвенцијата за правата на детето, меѓународните документи за човекови права особено факултативниот протокол за продажба на деца, детска проституција и детска порнографија кон Конвенцијата за правата на детето, Конвенцијата на ОН против транснационалниот организиран криминал и Протоколот за превенција, спречување и казнување на трговија со луѓе, особено жени и деца и на Светскиот план за акција.

Целта на овој акциски план е заштита на децата во Република Македонија од илегална трговија и експлоатација, и давање приоритет на правата и интересите на децата,

Акцискиот план се темели на четири основни начела, преземени од Конвенцијата за заштита на детето:

**I. Заштита на правата -** вклучувајќи ја и заштитата од дискриминација од сите форми на злоупотреби, занемарување и експлоатација;

**II. Право на опстанок и развој -** вклучувајќи го правото на престој во прифатилиштата, со овозможување на пристап до здравствените установи, образовни институции, заштита на правата од економска експлоатација и заштита на физичкиот, психичкиот и ментален развој на децата;

**III. Учество на децата во донесувањето на одлуки што се однесуваат на нивните права и интереси и нивно влијание во сите прашања поврзани со нивните права и интереси** - вклучувајќи го и правото за формирање и презентирање на нивните погледи и мислења и правото да добиваат информации достапни и разбирливи за нив што придонесуваат за нивна благосостојба, како и нивна заштита од штетното влијание на разни информации, материјали и содржини;

**IV. Најдобриот интерес на децата** да биде апсолутен приоритет при креирањето на владината политика и при донесувањето на одлуки на секој поединец, институција или законодавниот орган.

Акцискиот план е базиран на меѓународните искуства во оваа област и ги опфаќа сите битни елементи: правна рамка, проценки на состојбата, превенција, заштита на жртви, рехабилитација/реинтеграција/репатријација и координација на релевантните актери.

---

[1] Прviot Акциски план за борба против трговија со деца беше усвоен од Националната комисија во март 2006, како дел од Стратегијата и Акцискиот план на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција. Овој план (2009 – 2012) е изменета и надополнета верзија на првиот акциски план.

## ОПШТИ ЦЕЛИ, НАСОКИ И ПРИОРИТЕТИ

Акцискиот план има за цел да и обезбеди на Република Македонија средства и механизми за имплементација на заложбите за борба против трговија со деца и унапредување на координацијата меѓу сите институци и организации кои работат на борба против трговијата со деца.

Со спроведување на Акцискиот план треба да се обезбедат соодветни механизми и добри практики за надминување на проблемите со трговијата со деца вклучувајќи ја превенцијата, заштитата и реинтеграција на децата жртви на трговија со луѓе и кривично гонење на сторителите на ова кривично дело.

Акцискиот план за спречување на трговијата со деца има за цел:

- да ја унапреди политиката на Република Македонија во однос на борбата против трговијата со деца и нивна експлотација;
- Законските решенија и владнината политика за борба против трговија со деца да бидат креирани врз основа на релеванти податоци добиени од истражувања и/или релевантни бази на податоци;
- да се превземат превентивни мерки за намалување на причините и ризиците што доведуваат до појава и зголемување на трговијата и експлоатацијата на децата;
- да воспостави пакет на минимум стандардни услуги преку кои ќе се обезбеди помош, заштита, рехабилитација и реинтеграција на децата жртви на трговија со луѓе.

Со Акцискиот план за борба против трговијата со деца се обединуваат сите задачи и цели што Република Македонија треба да ги преземе за да се спречи трговијата со деца и да се заштитат децата жртви на трговијата, врз основа на начелата на еднаквост, достапност, квалитет и ефикасност .

Заради остварување на целите на Акцискиот план се утврдуваат следните насоки и приоритети:

- почитување на Конвенцијата за правата на детето, Факултативниот протокол кон Конвенцијата за продажба на деца, проституција и порнографија на деца и другите меѓународни документи што ги утврдуваат механизмите и обврските за заштита на децата од трговијата со луѓе и друг вид насилство и злоупотреби;
- почитување на стандардните оперативни процедури за упатување на жртви на трговија со луѓе и програмата за ресоцијализација и реинтеграција на деца жртви на трговија со луѓе;
- воспоставување на соодветни механизми за координација на инволвираните субјекти при спроведувањето на законската регулатива и владината политика.

# ГЛАВА 1: ПРАВНИ РЕФОРМИ

**ЦЕЛ:** Националното законодавство предвидува сеопфатни мерки  за превенција, заштита и кривично гонење

**ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ:**

- До крајот на 2010, извршена е анализа на постоечките закони кои предвидуваат мерки  за превенција,  заштита и кривично гонење
- До крајот на 2012, изготвени се предлог измени и дополнувања на постоечките и донесени се нови закони кои предвидуваат мерки  за превенција,  заштита и кривично гонење во согласност со меѓународните стандарди

**АКТИВНОСТИ:**

- Изготвување на анализа на постоечкото законодавство од аспект на трговија со деца согласно со новите трендови, меѓународните стандарди и состојбата со трговија со деца во земјата
- Формирање на работни групи во рамките на надлежните министерства за изработка на предлог закони и нови закони
- Организирање на работни состаноци, јавни расправи и работилници за разгледување и финализирање на предлог законите
- Доставување на предлог законите до Влада и Парламент за разгледување и усвојување
- Ратификување на Конвенцијата на Совет на Европа за акција против трговијата со луѓе.

Подгрупата идентификува дел од измените кои треба  направат во одредени закони. Тие се дадени подолу. Оваа листа не е исцрпна и сеопфатна, анализата на постоечкото законодавство ќе покаже дали ќе има потреба од други законски промени и евентуално креирање на нови закони.

**Кривичниот законик на РМ**

- да се предвиди казна  за обид за вршење на кривичното дело трговија со малолетно лице ;
- да се предвиди како квалификуван облик на кривичното дело трговија со деца, ако делото е извршено од страна на родителите и службени лица.

**Закон за кривична постапка**

- Децата жртви на трговија кои сакаат и се во состојба да сведочат во постапките против лицата вклучени во синџирот на трговијата со деца имаат право на лице придружник кој ќе им помага и ќе ги придружува во сите постапки и пред сите органи и институции.

**Закон за социјална заштита**

- создавање законска обврска за формирање  прифатилишта за жртви на трговија со луѓе со посебни услови за сместување и заштита на деца.

**Закони за основно и средно образование**

- воведување на човековите права како задолжителна содржина во наставните планови и програми во сите степени на основно и средно образование;
- вклучување на децата во училиштата во донесувањето на одлуки што се однесуваат на нивните права и интереси.

**Закон за странци**

– да се предвиди посебна одредба со која ќе се регулира сместувањето на малолетни жртви на трговија, странски државјани во посебно одделение во Прифатниот центар за странци.

**Закон за бесплатна правна помош**

– да се предвиди задолжително обезбедување на бесплатна правна помош во кривичната постапка во која жртви на трговија се деца.

**НОСИТЕЛ И ПАРТНЕРИ:** Министерство за правда (МП) и Министерство за труд и социјална политика (МТСП) во партнерство со други ресорни министерства, домашни невладини и меѓународни организации

**НОСИТЕЛ НА ФИНАНСИСКИ ТРОШОЦИ:** МП со поддршка од меѓународни организации

**РОК:** До крајот 2012 година

## ГЛАВА 2: ПРОЦЕНКА НА СОСТОЈБАТА

**ЦЕЛ:** Воспоставен систем за следење на состојбата, прибирање и обработка на податоци за трговија со деца

**ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ:**

- До крајот на 2010, воспоставената методологија за прибирање на податоци за трговија со луѓе во МВР и МТСП ги зема предвид специфичните потреби и интересите на детето
- До крајот на 2012, воспоственитеи операционализирани бази на податоци за трговија со луѓе во МТСП и во МВР ги земаат предвид специфичните потреби и интересите на детето
- До крајот на 2012, објавени се три извештаи за појавата на трговија со деца

**АКТИВНОСТИ:**

- Формирање на работна група кои ќе изработат единствена методологија за прибирање, обработка и размена на податоци поврзани со трговијата со деца.
- Тестирање на терен на развиените инструменти преку селектирани центри за социјална работа и полициски станици
- Одржување на специјализирани обуки за претставници од МТСП и МВР за прибирање, обработка и употреба на податоци за трговија со деца
- Базите на податоци треба да содржат елементи кои ќе обезбедат посебна евиденција за деца сторители и деца жртви
- Одржување на специјализирани обуки за лицата одговорни за внес на податоци во базите на податоци
- Генерирање и употреба на статистички извештаи од базите
- Изработка на инструменти за прибирање на податоци
- Изработка на студии, печатење и дистрибуција

**НОСИТЕЛ И ПАРТНЕРИ:** МВР, МТСП во партнерство со други институции и меѓународни и невладини организации и академски институции.

**НОСИТЕЛ НА ФИНАНСИСКИ ТРОШОЦИ:** Релевантните министерства, НВО, академски инситуции со можна поддршка меѓународни организации и приватниот сектор.

**РОК**: Континуирано до крај на 2012 година.

## ГЛАВА 3: ПРЕВЕНЦИЈА

**ЦЕЛ:** Човечките и институционалните капацитети се зајакнати за спроведување на превентивни активности од трговија со деца, едукација на децата и подигање на јавна свест за проблемот

**ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ:**

- Вработените во ЦСР и МВР кои работата на борба против трговија со деца се оспособени за спроведување на превентивни активности
- До крајот на 2012 отворени се најмалку 6 дневни центри за деца на улица во Македонија
- До крајот на 2012, невладините организации кои работат со деца имаат зајакнати капацитети за спроведување на превентивни програми
- До крајот на 2012, новинарите (од пишаните и телевизиски медиуми) се сензибилизирани за известување за трговија со дец
- Јавната свест кај децата и родителите и корисниците на услуги на жртви на трговија со деца е подигната на повисоко ниво

**АКТИВНОСТИ:**

- Организирање на специјализирани обуки за професионалците од ЦСР и МВР за превенција.
- Идентификување и опремување на простор за дневни центри
- Идентификување и обука на кадар за работа во дневните центри
- Организирање обуки за претставници од НВО секторот за креирање и спроведување на превентивни програми
- Обуки на претставници на медиумите со цел нивно запознавање со проблемот на трговијата со деца и посоодветно презентирање на случаите преку средствата за јавно информирање
- Изготвување на Водич за медиско известување на случаи на трговија со деца.
- Одржување превентивни лекции во основни и средни училишта, како и други воспитно образовни установи, со цел информирање на учениците и училишниот кадар за проблемот/трендот на трговија со деца.
- Воведување на наставна содржина трговија со деца во формалното основно и средно образование.
- Организирање на три медиумски кампањи за подигање на јавната свест на национало и локално ниво.
- Промовирање и поддршка на телефонска СОС линија за помош од трговија со луѓе и инфо советувалишта.

**НОСИТЕЛ И ПАРТНЕРИ:** МТСП, МВР, МО, единици на локалната самоуправа (ЕЛС), НВО со релевантните институции и меѓународни организации.

**НОСИТЕЛ НА ФИНАНСИСКИ ТРОШОЦИ:** Релевантните министерства и ЕЛС со можна поддршка меѓународни организации и приватниот сектор.

**РОК:** Во континуитет до 2012 година.

## ГЛАВА 4: ИДЕНТИФИКАЦИЈА

**ЦЕЛ:** Човечките и инситуционални капацитети за идентификација на деца во ризик и деца жртви на трговија со луѓе се зајакнати

**ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ:**

- Вработените во ЦСР и МВР кои работат со деца во ризик имаат вештини и знаења за вршење на идентификација
- Воспоставување на систем за идентификација, регистрирање и следење на деца во ризик
- До крајот на 2012, воспоставен е национален систем за следење на спроведувањето на СОП
- Зголемени капацитети на гранична полиција за препознавање и упатување на случаи на трговија со деца

**АКТИВНОСТИ:**

- Организирање на специјализирани обуки за професионалците од ЦСР, МВР, НВО, училиштата за идентификација и упатување на деца во ризик.
- Воспоставување на инструменти за идентификација, регистирање и следење на деца во ризик
- Обука за користење на инструментите
- Соодветна и ефикасна имплементација на соодветните мерки содржани во стандардни оперативни процедури (СОП)
- Обуки за претставници на граничната полиција за препознавање и упатување на случаи на трговија со деца
- Формирање на работна група за измена и дополнување на СОП (вклучувајќи го и СОП-от на гранична полиција за вршење на гранична контрола и надзор на зелената граница и во внатрешноста).
- Доставување на ревидиран СОП до Влада за усвојување

**НОСИТЕЛ И ПАРТНЕРИ:** МВР, МТСП, НВО, ЕЛС во соработка со меѓународни организации.

**НОСИТЕЛ НА ФИНАНСИСКИ ТРОШОЦИ:** МТСП, МВР, НВО. ЕЛС со можна поддршка од меѓународни организации и приватниот сектор

**РОК:** Во континуитет до 2012 година

## ГЛАВА 5: ПОМОШ И ЗАШТИТА

**ЦЕЛ:** Минимум стандарди за помош, третман и заштита на деца-жртви на трговијата на децата – жртви и деца сведоци се воспоставени

**ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ:**

- До крајот на 2012, воспоставен е национален систем за следење на спроведувањето на СОП
- Национален систем за следење на спроведувањето на програмата за реинтеграција и ресоцијализација е воспоставен и се следи во секој ЦСР

- До крајот на 2012, идентификувани и обучени најмалку 10 специјализирани згрижувачки семејства

**АКТИВНОСТИ:**

- Соодветна и ефикасна имплементација на СОП.
- Организирање на обуки на претставници од сите институции надлежни за имплементација на СОП за спроведување на посебните мерки на заштита на децата жртви на трговија во сите фази
  Организирање на обуки за примена на посебни техники на водење разговор со деца жртви.
- Соодветна и ефикасна имплементација на програмата за реинтеграција и ресоцијализација на МТСП.
- Организирање на обуки за примена на посебни техники на водење разговор со деца жртви.
- Обука на претставници на ЦСР за идентификување и ангажирање на згрижувачки семејства
- Изготвување на тренинг модул за специјализирани згрижувачки смеејства
- Изготуввање на стандарди за специјализирани згрижувачки семејства
- Обука на згрижувачки семејства

**НОСИТЕЛ И ПАРТНЕРИ:** МТСП, МВР, МП, ресорни министерства, НВО во соработка со меѓународни организации

**НОСИТЕЛ НА ФИНАНСИСКИ ТРОШОЦИ:** МВР, МТСП, НВО, во соработка со меѓународни организации.

**РОК:** континуирано до крајот на 2012 година

## ГЛАВА 6: РЕХАБИЛИТАЦИЈА, РЕИНТЕГРАЦИЈА И РЕПАТРИЈАЦИЈА

**ЦЕЛ:** Воспоставен систем за рехабилитација и реинеграција и безбедна репатријација на деца жртви

**ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ**

- .До крајот на 2012, воспоставен е национален систем за следење на спроведувањето на СОП
- Национален систм за следење на спроведувањето на програмата за реинтеграција и ресоцијализација е воспоставен и се следи во секој ЦСР
- Национален систем за репатријација е воспоставен и оперативен

**АКТИВНОСТИ:**

- Соодветна и ефикасна имплементација на соодветните мерки содржани vo СОП.
- Спроведувње на обуки за јакнење на капацитетите на вработените во Прифатниот центар за странци
- Креирање на програма за психо-социјална поддршка за деца смесени во прифатниот центар
- Основање на центри за рехабилитација и изготување и спроведување на соодветни програми за подготовка на децата жртвите за реинтерграција во средината.

- Креирање на програма за обука и спорведување на обука за НВО за поддршка на ЦСР во имплементација на програмата за реинтеграција и ресоцијализација
- Воспоставување на механизам за соработка со земјата на потекло на жртвата и нивно учество во изработката на планот за реинтеграција.
- Создавање на минимум стандарди кои треба да се спроведат за безбедно и сигурно враќање на децата жртви странски државјани

**АКТИВНОСТИ:**
- Соодветна и ефикасна имплементација на соодветните мерки содржани во стандардни оперативни процедури
- Организирање на обуки на претставници од сите институции надлежни за имплементација на СОП за спроведување на посебните мерки на заштита на децата жртви на трговија во сите фази
- Организирање на обуки за примена на посебни техники на водење разговор со деца жртви.
- Соодветна и ефикасна имплементација на програмата за реинтеграција и ресоцијализација на МТСП.
- Организирање на обуки за примена на посебни техники на водење разговор со деца жртви.
- Обука на претставници на ЦСР за идентификување и ангажирање на згрижувачки семејства
- Изготвување на тренинг модул за специјализирани згрижувачки смеејства
- Изготуввање на стандарди за специјализирани згрижувачки семејства
- Обука на згрижувачки семејства

**НОСИТЕЛ И ПАРТНЕРИ:** МТСП, МВР, МП, ресорни министерства, НВО во соработка со меѓународни организации

**НОСИТЕЛ НА ФИНАНСИСКИ ТРОШОЦИ:** МВР, МТСП, НВО, во соработка со меѓународни организации.

**РОК:** Во континуитет до 2012 година.

## ГЛАВА 7: КООРДИНАЦИЈА И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

**ЦЕЛ:** Воспоставена и унапредена соработка и координацина национало и меѓународно ниво

**ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ**
- Воспоставени механизми за соработка помеѓу институциите и организациите на национално ниво
- Воспоставени механизми за соработка помеѓу институциите и организациите на меѓународно ниво

**АКТИВНОСТИ:**
- Потпишување на меморандуми за соработка помеѓу владини инстиуции и невладини организации кои ќе ги земат в предивид специфичните потреби и најдобриот интерес на децата жртви.
- Одржување на редовни состаноци на Подгрупата
- Следење на спроведување на акцискиот план и редовно известувње до Националната комисија

- Склучување на билатерални и мултилатерални договори за соработка со земјите од кои и во кои децата се жртви- сведоци на трговија и нивно сигурно враќање.
- Подобрување на прекугранична соработка преку зголемена размена на информации.
- Понатамошна имплементација на ТМУ со проширување на соработката со земји надвор од регионот на ЈИЕ .
- Организирање и спроведувње на студиски посети со цел размена на искуства

**НОСИТЕЛ И ПАРТНЕРИ:** Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција и Поддгрупата за борба против трговија со деца, релевантни министерства и меѓународни организации

**НОСИТЕЛ НА ФИНАНСИСКИ ТРОШОЦИ:** релевантни министерства и меѓународни организации со донации

**РОК:** Во континуитет до 2012 година

## ГЛАВА 8: МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКЦИСКИОТ ПЛАН ЗА БОРБА ПРОТИВ ТРГОВИЈА СО ДЕЦА

Мониторинг на имплементацијата на Акцискиот план за борба против трговија со деца ќе се врши од страна на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција во Република Македонија преку Подгрупата.

Со цел полесно следење на прогресот кој е направен за постигнување на резултатите, Подгрупата ќе изготви информација за почетната состојба за секој од предвидените резултати. Оваа информацијата ќе преставува составен дел од акцискиот план и ќе биде алатка со која се следи во колкав процент се исполнети предивдените резултати. Секоја од надлежните институции ќе биде одговорна за доставувње на податоци за почетната состојба.

.

Сите институции и организации кои се вклучени во имплементација на Акцискиот план се должни писмено да ја известуваат Подгрупата за превземените активности најмалку два пати годишно.

За имплементацијата на Акцискиот план, Подгрупата ќе ја известува Националната комисија два пати годишно, а за активностите кои ќе се спроведуваат ќе известува континиурано.

Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција ќе ја информира Владата на Република Македонија и Собранието на РМ за спроведените активности предвидени во овој Акцискиот план.

**Прилог 1: Табеларен приказ на акцискиот план**

## Прилог 1: ТАБЕЛАРАН ПРИКАЗ НА АКЦИСКИОТ ПЛАН ЗА БОРБА ПРОТИВ ТРГОВИЈА СО ДЕЦА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 2009-2012

| ГЛАВА 1: ПРАВНИ РЕФОРМИ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Цел** | **Очекувани резултати** | **Активности** | **Индикатори** | **Надлежни институции** | **Носители на буџет** |
| 1.Националното законодавство предвидува сеопфатни мерки за превенција, заштита и кривично гонење | 1.1. До крајот на 2010, извршена е анализа на постоечките закони кои предвидуваат мерки за превенција, заштита и кривично гонење | 1.1.1. Изготвување на анализа на постоечкото законодавство од аспект на трговија со деца согласно со новите трендови, меѓународните стандарди и состојбата со трговија со деца во земјата | 1.1.1 Анализата на постоечките закони е извршена | МП, МТСП, НВО, други ресорни министерства, меѓународни организации | МП со поддршка од меѓународни организации |
| | 1.2. До крајот на 2012, изготвени се предлог измени и дополнувања на постоечките и донесени се нови закони кои предвидуваат мерки за превенција, заштита и кривично гонење во согласност со меѓународните стандарди | 1.2.1. Формирање на работни групи во рамките на надлежните министерства за изработка на предлог закони и нови закони<br>1.2.2. Организирање на работни состаноци, јавни расправи и работилници за разгледување и финализирање на предлог законите<br>1.2.3. Доставување на предлог законите до Влада и Парламент за разгледување и усвојување<br>1.2.4 Ратификување на Конвенцијата на Совет на Европа за акција против трговијата со луѓе. | % од предложените законски измени се усвоени од Владата и Парламентот<br>Ратифкувана конвенција на Совет на Европа | | |
| **ГЛАВА 2: ПРОЦЕНКА НА СОСТОЈБАТА** | | | | | |
| **Цел** | **Очекувани резултати** | **Активности** | **Индикатори** | **Надлежни институции** | **Носители на буџет** |
| 2. Воспоставен систем за следење на состојбата, прибирање и обработка на податоци за трговија со деца | 2.1. До крајот на 2010, воспоставената методологија за прибирање на податоци за трговија со луѓе во МВР и МТСП ги зема предвид специфичните потреби и интересите на детето | 2.1.1. Формирање на работна група која ќе изработи единствена методологија за прибирање, обработка и размена на податоци поврзани со трговијата со деца.<br>2.1.2. Тестирање на терен на развиените инструменти преку селектирани центри за социјална работа и полициски станици<br>2.1.3. Одржување на специјализирани обуки за претставници од МТСП и МВР за прибирање, обработка и употреба на податоци за трговија со деца | Постојат посебни инструменти кои се за прибирање на податоци за деца<br>Извршено пилот тестирање за валидација на изготвените инструменти<br>Број на лица обучени за примена на инструментите | МВР, МТСП, НВО, меѓународни и академски институции. | Релевантните министерства, НВО, академски инситуции со можна поддршка меѓународни организаци |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2.2. До крајот на 2012, воспоственитеи операционализирани бази на податоци за трговија со луѓе во МТСП и во МВР ги земаат предвид специфичните потреби и интересите на детето | 2.2.1. Базите на податоци треба да содржат елементи кои ќе обезбедат посебна евиденција за деца сторители и деца жртви<br>2.2.2. Одржување на специјализирани обуки за лицата одговорни за внес на податоци во базите на податоци<br>2.2.3. Генерирање и употреба на статистички извештаи од базите | Базите содржат посебна евиденција за деца<br><br>Број на лица кои се обучени да работат со базите<br>Годишен број на статистички извештаи | | и и приватниот сектор. |
| | 2.3. До крајот на 2012, објавени се три извештаи за појавата на трговија со деца | 2.3.1 Изработка на инструменти за прибирање на податоци<br>2.3.2. Изработка на студии, печатење и дистрибуција | Број на испечатени и дистрибуирани студии | | |
| **ГЛАВА 3: ПРЕВЕНЦИЈА** | | | | | |
| **Цел** | **Очекувани резултати** | **Активности** | **Индикатори** | **Надлежни институции** | **Носители на буџет** |
| 3. Човечките и институционалните капацитети се зајакнати за спроведување на превентивни активности од трговија со деца, едукација на децата и подигање на јавна свест за проблемот | 3.1. Вработените во ЦСР и МВР кои работата на борба против трговија со деца се оспособени за спроведување на превентивни активности | 3.1.1. Организирање на специјализирани обуки за професионалците од ЦСР и МВР за превенција. | Број на специјализирани обуки за вработените во ЦСР и МВР<br>% од вработените во ЦСР и МВР кои поминале барем една специјализирана обука годишно | МТСП, МВР, МО, ЕЛС, НВО со релевантните институции и меѓународни организации. | Релевантните министерства и ЕЛС со можна поддршка меѓународни организации и приватниот сектор. |
| | 3.2. До крајот на 2012 отворени се најмалку 6 дневни центри за деца на улица во Македонија. | 3.2.1. Идентификување и опремување на простор за дневни центри<br>3.2.2. Идентификување и обука на кадар за работа во дневните центри | Број на нови дневни центри | | |
| | 3.4. До крајот на 2012, невладините организации кои работат со деца имаат зајакнати капацитети за спроведување на превентивни програми | 3.4.1. Организирање обуки за претставници од НВО секторот за креирање и спроведување на превентивни програми | Број на НВО кои учествувале на обуки | | |
| | 3.5. До крајот на 2012, новинарите (од пишаните и телевизиски медиуми) се сензибилизирани за известување за трговија со деца | 3.5,1. Обуки на претставници на медиумите со цел нивно запознавање со проблемот на трговијата со деца и пососодветно презентирање на случаите преку средствата за јавно информирање<br>3.5.2. Изготвување на Водич за медиско известување на случаи на трговија со деца. | Број на новинари што учествувале на обуки<br>Водич за медиумско покривање на случаи на трговија со деца изготвен | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 3.6. Јавната свест кај децата и родителите и корисниците на услуги на жртви на трговија со деца е подигната на повисоко ниво | 3.6.1. Одржување превентивни лекции во основни и средни училишта, како и други воспитно образовни установи, со цел информирање на учениците и училишниот кадар за проблемот/трендот на трговија со деца.<br>3.6.2. Воведување на наставна содржина трговија со деца во формалното основно и средно образование.<br>3.6.3. Организирање на три медиумски кампањи за подигање на јавната свест на национало и локално ниво.<br>3.6.4. Промовирање и поддршка на постоечката телефонска СОС линија за помош од трговија со луѓе и инфо советувалишта. | Број на училишта кои одржале превентивни лекции<br>Наставна содржина е воведена<br>Број на медиумски кампањи<br>Број на упатени лица преку СОС линијата | | |

## ГЛАВА 4: ИДЕНТИФИКАЦИЈА

| Цел | Очекувани резултати | Активности | Индикатори | Надлежни институции | Носители на буџет |
|---|---|---|---|---|---|
| 4. Човечките и инситуционални капацитети за идентификација на деца во ризик и деца жртви на трговија со луѓе се зајакнати | 4.1. Вработените во ЦСР и МВР кои работат со деца во ризик имаат вештини и знаења за вршење на идентификација | 4.1.1. Организирање на специјализирани обуки за професионалците од ЦСР, МВР, НВО, училиштата за идентификација и упатување на деца во ризик. | Број на специјализирани обуки | МВР, МТСП, НВО, ЕЛС во соработка со меѓународни организации. | МТСП, МВР, НВО. ЕЛС со можна поддршка од меѓународни организации и приватниот сектор |
| | 4.2. Воспоставување на систем за идентификација, регистрирање и следење на деца во ризик | 4.2.1. Воспоставување на инструменти за идентификација, регистрирање и следење на деца во ризик<br>4.2.2. Обука за користење на инструментите | Систем за идентификација, регистрирање и следење на деца во ризик е воспоставен. | | |
| | 4.3. До крајот на 2012, воспоставен е национален систем за следење на спроведувањето на СОП | 4.3.1. Соодветна и ефикасна имплементација на соодветните мерки содржани во стандардни оперативни процедури (СОП). | Број на лица обучени за соодветна имплементација на СОП | | |
| | 4.4. Зголемени капацитети на гранична полиција за препознавање и упатување на случаи на трговија со деца | 4.4.1. Обуки за претставници на граничната полиција за препознавање и упатување на случаи на трговија со деца<br>4.4.2. Формирање на работна група за измена и дополнување на СОП (вклучувајќи го и СОП-от на гранична полиција за вршење на гранична контрола и надзор на зелената граница и во внатрешноста).<br>4.4.3. Доставување на ревидиран СОП до Влада за усвојување | Постоење на ревидирани СОП | | |

## ГЛАВА 5: ПОМОШ И ЗАШТИТА

| Цел | Очекувани резултати | Активности | Индикатори | Надлежни институции | Носители на буџет |
|---|---|---|---|---|---|
| 5. Минимум стандарди за помош, третман и заштита на деца-жртви на трговијата на децата – жртви и деца сведоци се воспоставени | 5.1. До крајот на 2012, воспоставен е национален систем за следење на спроведувањето на СОП | 5.1.1. Соодветна и ефикасна имплементација на соодветните мерки содржани во стандардни оперативни процедури (СОП).<br>5.1.2. Организирање на обуки на претставници од сите институции надлежни за имплементација на СОП за спроведување на посебните мерки на заштита на децата жртви на трговија во сите фази<br>5.1.3. Организирање на обуки за примена на посебни техники на водење разговор со деца жртви. | Број на лица обучени за соодветна имплементација на СОП<br>Број на лица обучени за посебни теники за водење разговор | МТСП, МВР, МП, ресорни министерства, НВО во соработка со меѓународни организации | МВР, МТСП, НВО, во соработка со меѓународни организации |
| | 5.2. Национален систем за следење на спроведувањето на програмата за реинтеграција и ресоцијализација е воспоставен и се следи во секој ЦСР | 5.2.1. Соодветна и ефикасна имплементација на програмата за реинтеграција и ресоцијализација на МТСП.<br>5.2.2. Организирање на обуки за примена на посебни техники на водење разговор со деца жртви. | Број на лица обучени за соодветна имплементација на програмата<br>Број на лица обучени за посебни теники за водење разговор | | |
| | 5.3. До крајот на 2012, идентификувани и обучени најмалку 10 специјализирани згрижувачки семејства | 5.3.1. Обука на претставници на ЦСР за идентификување и ангажирање на згрижувачки семејства<br>5.3.2. Изготвување на тренинг модул за специјализирани згрижувачки смеејства<br>5.3.3. Изготуввање на стандарди за специјализирани згрижувачки семејства<br>5.3.4. Обука на згрижувачки семејства | Број на специјализирани згрижувачки семејства | | |

**ГЛАВА 6: РЕХАБИЛИТАЦИЈА, РЕИНТЕГРАЦИЈА И РЕПАТРИЈАЦИЈА**

| Цел | Очекувани резултати | Активности | Индикатори | Надлежни институции | Носители на буџет |
|---|---|---|---|---|---|
| 6. Воспоставен систем за рехабилитациј а и реинеграција и безбедна репатријација на деца жртви | 6.1. До крајот на 2012, воспоставен е национален систем за следење на спроведувањето на СОП | 6.1.1. Соодветна и ефикасна имплементација на соодветните мерки содржани во стандардни оперативни процедури (СОП).<br>6.1.2. Спроведувње на обуки за јакнење на капацитетите на вработените во Прифатниот центар за странци<br>6.1.3 Креирање на програма за психо-социјална поддршка за деца сместени во прифатниот | Број на лица обучени за соодветна имплементација на СОП<br>Број на спроведени обуки за прифатниот центар<br>Програма за поддршка развиена | МТСП, МВР, МП, ресорни министерства, НВО во соработка со меѓународни организации | МВР, МТСП, НВО, во соработка со меѓународни организации<br>. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | центар | | | |
| | 6.2. Национален систем за следење на спроведувањето на програмата за реинтеграција и ресоцијализација е воспоставен и се следи во секој ЦСР | 6.2.1. Основање на центри за рехабилитација и изготвување и спроведување на соодветни програми за подготовка на децата жртви за реинтергрaција во средината.<br>6.2.2. Креирање на програма за обука и спорведување на обука за НВО за поддршка на ЦСР во имплементација на програмата за реинтеграција и ресоцијализација. | Број на центри за рехабилитација<br><br>Број на обучени НВО | | |
| | 6.3.Национален систем за репатријација е воспоставен и оперативен | 6.3.1 Воспоставување на механизам за соработка со земјата на потекло на жртвата и нивно учество во изработката на планот за реинтеграција.<br><br>6.3.2. Создавање на минимум стандарди кои треба да се спроведат за безбедно и сигурно враќање на децата жртви странски државјани. | Број на земји со кои се воспоставени механизми за соработка | | |
| **ГЛАВА 7: КООРДИНАЦИЈА И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА** | | | | | |
| **Цел** | **Очекувани резултати** | **Активности** | **Индикатори** | **Надлежни институции** | **Носители на буџет** |
| 7. Воспоставена и унапредена соработка и координацина национало и меѓународно ниво | 7.1. Воспоставени механизми за соработка помеѓу институциите и организациите на национално ниво | 7.1.1. Потпишување на меморандуми за соработка помеѓу владини инстиуции и невладини организации кои ќе ги земат в предивид специфичните потреби и најдобриот интерес на децата жртви.<br>7.1.2. Оддржување на редовни состаноци на Подгрупата<br>7.1.3. Следење на спроведување на акцискиот план и редовно известување до Националната комисија | Број на потпишани меморандуми<br>Број на извештаи | Националната комисија, Поддгрупата,релевантни министерства и меѓународни организации | Релевантни министерства и меѓународни организации со донации |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 7.2. Воспоставени механизми за соработка помеѓу институциите и организациите на меѓународно ниво | 7.2.1. Склучување на билатерални и мултилатерални договори за соработка со земјите од кои и во кои децата се жртви-сведоци на трговија и нивно сигурно враќање.<br>7.2.2. Подобрување на прекугранична соработка преку зголемена размена на информации.<br>7.2.3.. Понатамошна имплементација на ТМУ со проширување на соработката со земји надвор од регионот на ЈИЕ .<br>7.2.4. Организирање и спроведување на студиски посети со цел размена на искуства | Број на договори<br>Број на состаноци за размена на информации<br>Број на случаи на заедничко постапување со странски земји<br>Број на студиски посети | | |